**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-3866/1 од 03.07.2024 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Четириесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **10.07.2024 година (среда) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-798/2018 за КП 734/2 и КП 734/1 КО Брњарци;
5. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-719/2018 за КП 4682 и КП 4680/1 КО Сингелиќ - 1;
6. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2024 година;
7. Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година;
9. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура ''11 Октомври'' во населба Ченто;
10. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година; и
11. Предлог - Одлука за отстапување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Пенка Чудо, с.р.**

**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Изготвувач:** Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Претставник:** м-р Иван Симоновски, претседател на комисија

**ПРЕДЛОГ - ЗАКЛУЧОК**

**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 46 став (1) алинеја 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ**
**НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Советот на Општина Гази Баба констатира престанок на мандат на член на Советот - **ДИЈАНА ИЛИЕВСКА**, избрана на Локалните избори 2021 година од утврдената листа на кандидати за избор на советници во Советот на Општина Гази Баба - ''ВМРО-ДПМНЕ и коалиција Обнова на Македонија'', бр.11-85/4 од 11.09.2021 година, избрана на функција пратеник во Собрание на Република Македонија од изборна единица бр.2, на одржаните парламентарни избори на 08.05.2024 година, со верифициран мандат за пратеник во Собранието на Република Македонија, со Одлука за верификација на мандатот на пратениците во Собранието на Република Македонија, бр.08-3164/1 од 25.06.2024 година (''Службен весник на РСМ'' бр.134/24), поради неспоивост на функции пратеник и член на Совет на општината.

2. Ден на престанок на мандатот на членот на Советот е 25.06.2024 година.

3. Заклучокот да се достави до Општинска изборна комисија Гази Баба и секторот за финансиски прашања.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Пенка Чудо**

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став 2 точка 23 од Изборниот законик,
Државната изборна комисија издава

# У В Е Р Е Н И Е

за избран пратеник



Според резултатите од изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, одржани на 8 мај 2024 година, за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија е избран-а

## Дијана Илиевска

М.П.



Број 10-3279/1

24.06.2024 година

Скопје

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Проф. Др.Александар Даштевски

**20241342326**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членовите 153 и 153-а од Изборниот законик на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 127/2006, 136/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) и член 17 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 јуни 2024 година донесе

**ОДЛУКА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Се верифицира мандатот на пратениците:
1. Драган Недељковиќ,
2. Велика Стојкова – Серафимовска,
3. Сергеј Попов,
4. Фериде Хаџиу,
5. Дијана Илиевска,
6. Емилија Ангелова,
7. Весна Ѓорѓиева и
8. Калтрина Беќири.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3146/1
25 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Изготвувач:** Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Претставник:** м-р Иван Симоновски, претседател на комисија

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 13 и член 14 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), член 4 став (2) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/21), во член 1 ''за членови'' зборовите ''ДИЈАНА ИЛИЕВСКА'' се заменуваат со зборовите **''ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Пенка Чудо**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 13 и член 14 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), член 4 став (2) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Советот на Општина Гази Баба констатираше престанок на мандат на членот на советот - Дијана Илиевска, со верифициран мандат за пратеник во Собранието на Република Македонија, со Одлука за верификација на мандатот на пратениците во Собранието на Република Македонија, бр.08-3164/1 од 25.06.2024 година (''Службен весник на РСМ'' бр.134/24), поради неспоивост на функции пратеник и член на Совет на општината, со што се појави потреба од изменување на Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/21), каде беше член претходниот советник.

Член 4 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба содржи **изричита одредба**, односно ставот гласи: ''Верификационата комисија брои 3 члена.''

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***КОМИСИЈА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА***

**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за урбанизам и градежно земјиште

**Претставник:** Александар Јанакиески, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА КО БРЊАРЦИ ЗАРАДИ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-798/2018 ЗА КП 734/2 И КП 734/1 КО БРЊАРЦИ**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__. 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА КО БРЊАРЦИ ЗАРАДИ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-798/2018 ЗА КП 734/2 И КП 734/1 КО БРЊАРЦИ**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.28-798/2018 од 28.06.2018 година, од страна на лицето **Владе Милошевски** од Скопје, со адреса на ул.''1'' бр.21, Брњарци, Скопје, а се однесува на бесправниот објект зграда бр.1 со намена А1-1-семејна куќа и зграда бр.2 со намена А5-4-помошен објект, кои се наоѓаат на КП 734/2 и КП 734/1 КО Брњарци, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради проширување на планскиот опфат, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко - планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
__________________

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА КО БРЊАРЦИ ЗАРАДИ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-798/2018 ЗА КП 734/2 И КП 734/1 КО БРЊАРЦИ**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Надлежниот сектор за урбанизам и градежно земјиште до советот достави барање УП1 бр.28-798/2018 од 6.06.2024 година, за донесување на одлука со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци. Барањето е прилог кон оваа Предлог-Одлука.

Член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, гласи:

''Во случај кога е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, или бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапката и по службена должност **доставува барање до советот на општината, односно советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје** заради донесување одлука дали во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши усогласување на намените, односно дали ќе се изврши проширување на планскиот опфат.''

Член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација, гласи:

''Бесправните објекти од став (1) на овој член, изградени надвор од плански опфат може да се вклопат во урбанистичко-планската документација доколку ги исполнуваат стандардите од алинеите 1, 2 и 3 од став (1) на овој член и доколку со одлука на Советот на општината односно Советот на општината во градот Скопје и Советот на Градот Скопје утврдено е да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти.''

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**УП1Бр. 28-798/2018 од 06.06.2024 год.**

**ДО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**С к о п ј е**

**ПРЕДМЕТ: Барање**

Почитувани,

До Општина Гази Баба е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење **УП1бр.28-798/2018 од 28.06.2018** година од страна **Владе Милошевски** од Скопје, со адреса на **ул. "1" бр. 21, Брњарци.** Од доставениот геодетски елаборат со деловоден број **1109-31612/2016** од **29.11.2016** година, изработен од **АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ и Анекс** со деловоден број **1109-31612-1/2024** од **05.03.204** година, изработен од **АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ** утврдено е дека објектот е изграден на **КП 734/2 КО Брњарци и КП 734/1 КО Брњарци.**

Овој орган во постапката утврди дека бесправниот објект е со намена А1-1- семејна куќа и бесправниот објект е со намена А5-4-помошен објект кој е изграден надвор од плански опфат.

Поради овие причини, бараме Советот на Општина Гази Баба да постапи согласно член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Сл. весник на РСМ бр. 174/21) и согласно член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) односно да донесе Одлука со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанисртичко-планската документација.

Откако Советот на Општина Гази Баба ќе постапи по барањето, потребно е да ни доставите примерок од одлуката како би можеле да ја продолжиме постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект .

Со почит,

**Прилог:** - Предлог Одлука
- копија од Урбанистички план
- копија од Скица на извршено премерување од геодетски елаборат

Изработил,
Наташа Петрушева

Контролирал,
Горица Тасевска
Дејан Митески

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Бобан Стефковски**

martin 22.11

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0001 | Measured | 11/22/2016 12:43:43 | 545825.9419 | 4654430.2047 | 285.0464 | 0.0242 |
| 0002 | Measured | 11/22/2016 12:45:03 | 545821.0544 | 4654433.2090 | 285.3925 | 0.0197 |
| 0003 | Measured | 11/22/2016 12:46:38 | 545818.3872 | 4654418.0254 | 284.5660 | 0.0135 |
| 0004 | Measured | 11/22/2016 12:50:33 | 545814.1772 | 4654419.8294 | 284.5925 | 0.0264 |
| 0005 | Measured | 11/22/2016 13:24:53 | 545805.3451 | 4654420.6911 | 284.6908 | 0.0147 |
| 0006 | Measured | 11/22/2016 13:26:18 | 545801.3260 | 4654427.0306 | 285.2938 | 0.0722 |
| 0007 | Measured | 11/22/2016 13:36:08 | 545865.2484 | 4654603.1769 | 295.4227 | 0.0130 |
| 0008 | Measured | 11/22/2016 13:38:38 | 545861.0246 | 4654606.9087 | 295.1530 | 0.0186 |
| 0009 | Measured | 11/22/2016 13:40:28 | 545876.1447 | 4654603.5036 | 295.9951 | 0.0290 |
| 0010 | Measured | 11/22/2016 13:42:33 | 545883.9725 | 4654603.8236 | 296.0706 | 0.0106 |
| 0011 | Measured | 11/22/2016 13:47:53 | 545879.3963 | 4654614.4968 | 299.0243 | 0.0139 |
| 0012 | Measured | 11/22/2016 13:58:03 | 545612.9591 | 4654168.3748 | 264.0431 | 0.0136 |
| 0013 | Measured | 11/22/2016 13:58:48 | 545618.5560 | 4654169.7681 | 264.2969 | 0.0162 |
| 0014 | Measured | 11/22/2016 14:01:03 | 545624.0201 | 4654179.0928 | 264.7866 | 0.0136 |
| 0015 | Measured | 11/22/2016 14:02:28 | 545621.6065 | 4654184.1717 | 264.9353 | 0.0145 |
| 0016 | Measured | 11/22/2016 14:09:43 | 545606.3844 | 4654178.0639 | 264.0659 | 0.0377 |
| 0017 | Measured | 11/22/2016 14:11:33 | 545604.3981 | 4654180.3524 | 264.0051 | 0.0214 |
| 0018 | Measured | 11/22/2016 14:14:03 | 545598.9188 | 4654182.1999 | 264.8362 | 0.0150 |
| 0019 | Measured | 11/22/2016 14:16:58 | 545605.0268 | 4654189.9945 | 264.8945 | 0.0162 |
| 0020 | Measured | 11/22/2016 14:17:38 | 545608.8407 | 4654187.9763 | 264.8701 | 0.0149 |
| 21 | Measured | 11/22/2016 14:19:48 | 545576.6726 | 4654203.8421 | 264 7614 | 0.0147 |
| 22 | Measured | 11/22/2016 14:20:18 | 545566.6889 | 4654209.4764 | 264.7576 | 0.0149 |
| 23 | Measured | 11/22/2016 14:24:13 | 545577.6403 | 4654197.1003 | 263.0104 | 0.0206 |
| 24 | Measured | 11/22/2016 15:07:43 | 545603 1601 | 4653408.3143 | 231.8587 | 0.0178 |
| 25 | Measured | 11/22/2016 15:08:03 | 545607.1797 | 4653416.0207 | 232.0521 | 0.0183 |
| 26 | Measured | 11/22/2016 15:09:18 | 545588.1085 | 4653410.3140 | 231.8912 | 0.0207 |
| 27 | Measured | 11/22/2016 15:10:03 | 545593.1827 | 4653408.2828 | 231.8713 | 0.0358 |
| 28 | Measured | 11/22/2016 15:11:03 | 545586.1641 | 4653415.7006 | 232 1830 | 0.0326 |
| 29 | Measured | 11/22/2016 15:11:33 | 545584.7793 | 4653419.6839 | 232.0545 | 0.0467 |
| 30 | Measured | 11/23/2016 15:15:08 | 546807.1453 | 4653076.1480 | 238.2619 | 0.0191 |
| 31 | Measured | 11/23/2016 15:15:28 | 546804.4035 | 4653070.0344 | 238.1262 | 0.0279 |
| 32 | Measured | 11/23/2016 15:15:48 | 546800.9454 | 4653065.3861 | 237.7857 | 0.0232 |
| 33 | Measured | 11/23/2016 15:16:28 | 546792.4587 | 4653071.1269 | 237.9012 | 0.0623 |
| 34 | Measured | 11/24/2016 12:04:33 | 542765.4975 | 4656536.7254 | 344.9393 | 0.0175 |

Координати на помошни и детални точки

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 545,614.91 | 654,171.62 |
| 2 | 545,620.17 | 654,181.41 |
| 3 | 545,610.93 | 654,186.39 |
| 4 | 545,607.50 | 654,180.15 |
| 5 | 545,606.64 | 654,184.02 |
| 6 | 545,602.79 | 654,185.93 |
| 12 | 545,612.95 | 654,168.37 |
| 13 | 545,618.55 | 654,169.76 |
| 14 | 545,624.02 | 654,179.09 |
| 15 | 545,621.60 | 654,184.17 |
| 16 | 545,606.38 | 654,178.06 |
| 17 | 545,604.39 | 654,180.35 |
| 18 | 545,598.91 | 654,182.19 |
| 19 | 545,605.02 | 654,189.99 |
| 20 | 545,608.84 | 654,187.97 |




КП 734/2
КО Брњарци

## С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за урбанизам и градежно земјиште

**Претставник:** Александар Јанакиески, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-719/2018 ЗА КП 4682 И КП 4680/1 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__. 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-719/2018 ЗА КП 4682 И КП 4680/1 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење со УП1бр.28-719/2018 од 20.06.2018 година од страна на лицето **Кокица Георгиевска** од Скопје, а се однесува на бесправниот објект зграда бр.1 со намена Б1-1 дуќани, која се наоѓа на КП 4682 и КП 4680/1 КО Сингелиќ-1 на ул.''Маџари'' бр.45В Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко - планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
________________

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-719/2018 ЗА КП 4682 И КП 4680/1 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Надлежниот сектор за урбанизам и градежно земјиште до советот достави барање УП1 бр.28-719/2018 од 14.05.2024 година, за донесување на одлука со која ке се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект. Барањето е прилог кон оваа Предлог-Одлука.

Член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, гласи:

"Во случај кога е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, или бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапката и по службена должност **доставува барање до советот на општината, односно советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје** заради донесување одлука дали во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши усогласување на намените, односно дали ќе се изврши проширување на планскиот опфат."

Член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација, гласи:

"- намената на бесправниот објект не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, а со одлука на советот на општината односно Советот на општината во градот Скопје или Советот на Градот Скопје утврдено е да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените"

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**УП1Бр. 28-719/2018 од 14.05.2024 год.**

**ДО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**С к о п ј е**

**ПРЕДМЕТ:** Барање

Почитувани,

До Општина Гази Баба е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење **УП1бр. 28-719/2018 од 20.06.2018** година од страна на **Георгиевска Кокица** од Скопје, со адреса на **ул. " Тодор Чопов " бр. 27 Скопје.** Од доставениот геодетски елаборат со деловоден број **0803/204/3** од **07.06.2018** година, изработен од **ГЕО - ПАРТ ДОО** Скопје утврдено е дека **објектот бр. 1** е изграден на **КП 4682 КО Сингелиќ-1 и КП 4680/1 КО Сингелиќ-1.** Овој орган во постапката утврди дека намената на бесправниот објект не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација. Од увидот во Детален урбанистички план, констатирано е дека бесправниот објект зграда бр.1 со намена – **Б1-1 дуќани** е изграден на земјиште со намена **Јавен паркинг.**

Поради овие причини, бараме Советот на Општина Гази Баба да постапи согласно член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Сл. весник на РСМ бр. 174/21), и согласно член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) односно да донесе Одлука со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на важечката урбанистичко-планска документација.

Откако Советот на Општина Гази Баба ќе постапи по барањето, потребно е да ни доставите примерок од одлуката како би можеле да ја продолжиме постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект .

Со почит,

**Прилог:** - Предлог Одлука
- копија од Урбанистички план
- копија од Скица на извршено премерување од геодетски елаборат

Изготвил,
Јасмина Маринковиќ

Контолирал,
Горица Тасевска
Дејан Митески

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бобан Стефковски**

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

ГЕО - ПАРТ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО СКОПЈЕ
(НАЗИВ)

КО: СИНГЕЛИЌ- 1

# ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА СО УТВРДЕНА ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ И ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ

**Размер 1: 500**




Координати на нови точки од геодетската основа и на детални точки

| бр.точ | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7542158.76 | 4651332.88 |
| 2 | 7542159.09 | 4651331.83 |
| 3 | 7542160.83 | 4651326.34 |
| 4 | 7542172.08 | 4651329.87 |
| 5 | 7542169.99 | 4651336.40 |
| 6 | 7542164.89 | 4651334.80 |

Место и датум:

Изготвил-геодет.стручно лице:

ГЕО ПАРТ ИНЖЕНЕРИНГ

Скопје – Драчево, Македонија
Тел. +389 (0) 2 6148-731
Моб. +389 (0) 78 212-523
E-mail: geoparting@gmail.com

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| Број на КП | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Број на зграда | Намена на зграда | влез | кат | Стан | Намена на посебен дел од зграда | Внатрешна површина на посебниот дел од зградата (м2) | Волумен (м3) | Површина на земјиште под зграда | | Висина на зграда (кота на венец) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | | | | | | | број на зграда | (м2) | (м) |
| 4682 | | Ул.Мацари бр.45 В | 1 | Б1-1 | 1 | ПР | 1 | ДП | 34 | | 1 | 65 | |
| 4680 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | | 1 | 16 | 3.00 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | Вкупно | | 34 | | | | |

МП

Изготвил:

Петар Јованоски дипл.геод. инж.

719/20

Трговец поединец, овластен геодет
Трговско друштво за геодетски работи

ГЕО - ПАРТ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО СКОПЈЕ

(назив)

КО СИНГЕЛИЌ 1

ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА СО УТВРДЕНА




КП 4682
КО Сингелиќ 1
паркинг

Место и датум:

Изготвил стручно лице:

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај

**Претставник:** м-р Тина Каровска, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'' НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2024 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.19/23, 1/24, 5/24, 11/24 и 13/24), во точка ''IV.Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)'' потточка 5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште, раздел 5.2 Планирани трошоци за реализација на подпрограмата Ф.А расходи за 2024 година, табеларниот преглед се менува и гласи:

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1-2 | 5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | | Видови на расходи | **БУЏЕТ НА ОГБ ФА** | **РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** | **БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ** | **БУЏЕТ НА РМ** | **ДОНАЦИЈА** | **СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН** | **ЕУ ФОНДОВИ** | **КРЕДИТ** |
| 4 | | | | | | | | **извори на финасирање во МКД** | | | | | | | |
| 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 6 | | | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | **Вкупно останати расходи** | | | | | | |
| 8 | **48** | | | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **334,520,000.00** | **278,418,860.00** | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 | | **481** | | | | | **Градежни објекти** | | | | | | | | |
| 11 | | | **4812** | | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | **4812 10** | | | **Подготовка на објекти за деловни објекти** | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | | **482** | | | | | **ИЗГРАДБА, РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ** | **307,520,000.00** | **219,018,860.00** | **0.00** | **6,400,000.00** | **53,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 16 | | | **4821** | | | | **Улици, патишта, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и слично** | **155,750,000.00** | **63,818,860.00** | **0.00** | **5,800,000.00** | **53,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 17 | | | | **4821 10** | | | **Изработка на проекти и ревизија** | **4,800,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 18 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 4,800,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 19 | | | | | | 1 | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично - во тек | 2,800,000.00 | | | | | | | |
| 20 | | | | | | 2 | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 21 | | | | **4821 20** | | | **Изградба на улици, патишта, паркинг простори, тротоари,пешачки и велосипедски патеки и слично.** | **63,750,000.00** | **63,818,860.00** | **0.00** | **0.00** | **53,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 22 | | | | | 1 | | Изградба на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 29,150,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 23 | | | | | | 1 | Изградба на улици и  патишта на територија на Општина Гази Баба (новопроектирана 7.2)- во тек | 17,000,000.00 | | | | | | | |
| 24 | | | | | | 2 | Изградба на потпорен ѕид за новопроектирана улица 7.2 од ДУП за ГЧ ЦС11, Блок 07- во тек | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 25 | | | | | | 3 | Изградба на потпорен ѕид за новопроектирана улица 7.2 од ДУП за ГЧ ЦС11, Блок 07 | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 26 | | | | | | 4 | Изградба на Новопроектирана ул.1, кај амбулантата во Автокоманда- реализирана | 3,450,000.00 | | | | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | | | | | | 5 | Изградба на дел од ул. Л. Поп Трајков, помеѓу ул.1632 и ул. Т. Хаџијанев | 3,200,000.00 | | | | | | | |
| 28 | | | | | 2 | | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура | 8,000,000.00 | 63,818,860.00 | 0.00 | 0.00 | 53,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 29 | | | | | | 1 | Изградба на сервисни улици со комплетна инфраструктура во комплекс ИСТ ГЕЈТ прва фаза во 2 години | 0.00 | 43,818,860.00 | | | | | | |
| 30 | | | | | | 2 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во Хиподром 2 | 0.00 | 20,000,000.00 | | | 53,000,000.00 | | | |
| 31 | | | | | | 3 | Изградба на инфраструктура по договори со инвеститори | 8,000,000.00 | | | | | | | |
| 32 | | | | | 3 | | Изградба на паркинг простори, тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 26,600,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 33 | | | | | | 1 | Изградба, санација на паркинг простори тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба- во тек | 15,000,000.00 | | | | | | | |
| 34 | | | | | | 2 | Изградба, санација на паркинг простори тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 7,500,000.00 | | | | | | | |
| 35 | | | | | | 3 | Изградба на паркинг простор на ул.Габреш | 4,100,000.00 | | | | | | | |
| 36 | | | | **4821 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинг просотри, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично** | **87,200,000.00** | **0.00** | **0.00** | **5,800,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 37 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација  на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 71,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 4,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 38 | | | | | | 1 | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично - реализирана | 20,000,000.00 | | | | | | | |
| 39 | | | | | | 2 | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично | 43,000,000.00 | | | 4,000,000.00 | | | | |
| 40 | | | | | | 3 | Одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки на територија на општина Гази Баба-реализирана | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 41 | | | | | | 4 | Одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки на територија на општина Гази Баба | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 42 | | | | | | 5 | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) -реализирана | 1,000,000.00 | | | | | | | |
| 43 | | | | | | 6 | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) | 1,000,000.00 | | | | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 44 | | | | | 2 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на паркинг простори пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично на територија на Општина Гази Баба | 4,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 45 | | | | | | 1 | Реконструкција на ул. Модест Мусоргски | 4,000,000.00 | | | | | | | |
| 46 | | | | | 3 | | Зимско одржување на улици за 2 години | 12,200,000.00 | | | 1,800,000.00 | | | | |
| 47 | | | 4823 | | | | **Пречистителни станици и канализациони системи** | 46,720,000.00 | 26,000,000.00 | 0.00 | 600,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 48 | | | | **4823 10** | | | **Проектирање** | **6,300,000.00** | **0.00** | **0.00** | **600,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 49 | | | | | 1 | | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично | 6,300,000.00 | 0.00 | 0.00 | 600,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
